# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-98/5 од 25.3.2015 година донесена на 115. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 25.3.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ***деловно право*** на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **проф. д-р Тито Беличанец**, (претседател) редовен професор во пензија, Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, наставно-научна област деловно право;
- **проф. д-р Љупчо Блажевски**, (член) вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, наставно-научна област финансово право;
- **проф. д-р Марко Андонов**, (член) вонреден професор, Факултет за правни науки при Универзитет Американ колеџ – Скопје, наставно-научна област деловно право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 7.3.2015 година и во предвидениот рок се пријави д-р Кристина Мишева, доктор на правни науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Кристина Мишева** е родена на 11.4.1980 година во Штип, каде што завршува основно образование (ОУ „Ванчо Прќе“) и средно гимназиско образование (Гимназија „Славчо Стојменски“ – општа насока) со континуиран одлучен успех.

Во академската 2002/2003 година дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просечен успех 8,48 и се стекнува со звање **дипломиран правник** *(граѓанско-правна насока*).

Во академската 2003/2004 година се запишува на постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и истите ги завршува со просечен успех 9,40 заклучно со 18.10.2005 година.

Во 2010 година магистрира на тема „Инвестициски фондови - правни аспекти“ при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, под менторство на проф. д-р Горан Коевски, и се стекнува со академски степен **магистер на правни науки од областа на деловното право.**

На 14.2.2015 година успешно ја одбранува докторска дисертација под наслов „Супервизија и контрола на институционални инвеститори“ на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, под менторство на проф. д-р Тито Беличанец, со што се стекнува со научен степен **доктор на правни науки**.

По дипломирањето, кандидатката работи како волонтер во Основен суд - Штип во извршно, кривично и прекршочно одделение како и во Одделот за работни спорови. Од 2004 до 2007 година работи во Комерцијална банка АД Скопје – Филијала Штип. За периодот од 2004 до 2008 година е избрана за судија-поротник во Основен суд – Штип.

Во 2005 година се стекнува со својство на агент за задолжително пензиско осигурување, а во 2010 година се стекнува со својство агент за задолжително и доброволно пензиско осигурување при Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС).

Во април 2006 година кандидатката Кристина Мишева положува правосуден испит при Министерство за правда на Република Македонија.

***Законски и подзаконски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

***Кандидатката д-р Кристина Мишева има:***

1. диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на правни науки, област деловно право);
2. остварен просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии (прв циклус) 8,48 и остварениот просек на постдипломски студии (втор циклус) 9.40
3. објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Miseva, Kristina** and Risteska, Marija | *The Application of International Law in Macedonia* | Judicial Application of International Law in Southeast Europe http://www.springer.com/law/book/978-3-662-46383-3 | 2015 |
| 2 | Petkukjeski, Ljupco and Andonov, Markoand Mihajloski, Zoran and **Miseva, Kristina** | *Some aspects of employees informing and consulting in accordance with the labor law and law on safety and health at work* | First International scientific conference: Social Change in the Global World, Faculty of Law-UGD, Stip. http://clprmk.org/wp-content/uploads/2014/12/Proceedings-Vol.-1.pdf | 2014 |
| 3 | Petkukjeski, Ljupco and Andonov, Marko and Mihajloski, Zoran and **Miseva, Kristina** | *Participation of Employees in Company Management - Legal basis for its implementation in the Republic of Macedonia* | 10th International May Conference on strategic management (IMKSM2014), May 2014, Bor, Srebia. http://menadzment.tf.bor.ac.rs/wp-content/uploads/2014/05/Book-of-abstracts_MKSM14.pdf | 2004 |
| 4 | Tusevska, Borka and **Miseva, Kristina** | *Consumer protection in financial services and the demands of European consumers* | 14th Mediterranean Research Meeting, March 2013, Mersin, Turkey http://www.rscas.org/application/?p=data&application=mrm2013papers | 1999 |
| 5 | Andonov, Marko and **Miseva, Kristina** | *Some aspects of the regulation for waste management with special emphasize on the batteries and accumulators and waste batteries and accumulators in Republic of Macedonia.* | 10-th International scientific conference Sinergija 2012, Bijelina, Bosnia & Herzegovina www.singipedia.singidunum.ac.rs/content/3127 | 2002 |

4. препораки од двајца вонредни професори од наставно-научната област деловно право;
5. позитивна оцена од самоевалуација;
6. рецензирана скрипта и рецензиран практикум по предметот за кој се избира од соодветна научна област, објавени во е-библиотека

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2.6.2007 година со Одлука на Матична комисија на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Кристина Мишева е избрана во соработничко звање помлад асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. На 2.6.2010 година е избрана во соработничко звање асистент во научната областа деловно право на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип со Одлука број од 1602-60/18 од 2.6.2010 г. Во 2013 година повторно е избрана за асистент во научната област деловно право на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со Одлука број 1602-81/24 од 15.5.2013 г. За изборните периоди асистирала (реализирала вежби) на следниве предмети: Теорија на државата и правото (од академската година 2007/2008-2013/2014), Право на друштвата (од академската година 2008/2009 до денес), Финансово право (од академската година 2009/2010 до денес), Трудово право (од академска година 2012/2013 до денес), Регулација на финансиски пазари и институции (од академска година 2013/2014 до денес), Стечај и стечајна постапка (од академска година 2013/2014 до денес), Право на интелектуална сопственост (академската 2014/2015), Управни спорови (академската 2014/2015 година), Административно право и административна постапка (академската 2014/2015 година). Предметите се содржани во студиските програми на Правниот факултет во наставните центри Кочани, Штип и Струмица.

***Кандидатката д-р Кристина Мишева ги има објавено следниве трудови:***


**1.** **Miseva, Kristina** and Risteska, Marija (2015) *The Application of International Law in Macedonia*. In: Judicial Application of International Law in Southeast Europe. Springer.

**2.** Petkukjeski, Ljupco and Andonov, Marko and Mihajloski, Zoran and **Miseva, Kristina** (2014) *Some aspects of employees informing and consulting in accordance with the labor law and law on safety and health at work*. In: Social Change in the Global World, 11-13 Sept 2014, Stip, Macedonia.

**3.** Petkukjeski, Ljupco and Andonov, Marko and Mihajloski, Zoran and **Miseva, Kristina**(2014) *Participation of Employees in Company Management - Legal basis for its implementation in the Republic of Macedonia*. In: International May Conference on strategic management (IMKSM2014), 23-25 May 2014, Bor, Srebia.

**4.** Petkukjeski, Ljupco and Andonov, Marko and Mihajloski, Zoran and **Miseva, Kristina** (2014) *Illegal Decisions of a Shareholders Assembly – The Case of the Republic of Macedonia*. Balkan Social Science Review, 3. Goce Delcev University - Stip, Faculty of Law, Stip, R. Macedonia, pp. 48-67.

**5.** **Miseva, Kristina** and Andonov, Marko (2013) *The influence of Financial Instruments Directive (MiFID) on the Macedonian Capital Market*. In: Balkan Social Science Review, 1. Goce Delcev University - Stip, Faculty of Law, Stip, R. Macedonia, pp. 131-144.

**6.** Mihajloski, Zoran and Andonov, Marko and **Miseva, Kristina** (2013) *Legal Nature of the Management Contract- The Case of the Republic of Macedonia*. In: International OFEL Conference on Corporate Governance, 12 Apr 2013, Dubrovnik, Croatia.

**7.** Tusevska, Borka and **Miseva, Kristina** (2013) *Consumer protection in financial services and the demands of European consumers*. In: Regulatory Implants and Local Legal Regimes in the Mediterranean Region, 20-23 March 2013, Mersin, Turkey.

**8.** **Miseva, Kristina** and Andonov, Marko (2013) *Некои аспекти и дилеми кај оданочувањето на удели издадени од инвестицките фондови во Република Македонија*. In: Зборник на научни трудови: Четврта меѓународна научна конференција, Св. Николе, Република Македонија. ISBN 978-608-4689-04-1, 336.226.13:336.763.268(497.7)

**9.** Andonov, Marko and **Miseva, Kristina** (2012) *Some aspects of the regulation for waste management with special emphasize on the batteries and accumulators and waste batteries*

*and accumulators in Republic of Macedonia*. In: Zastita i upravljanje zivotnom sredinom, 10-th international science conference Sinergija 2012, Bijelina, Bosnia & Herzegovina. **ISBN:** 978-99955-26-25-2

10. **Miseva, Kristina** (2011) *Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарот на капитал согледано преку инвестициските фондови*. Меѓународен дијалог: Исток-Запад (култура, славјанство и економија). Зборник на трудови: Втора меѓународна научна конференција, 2. pp. 280-284. ISSN 978-608-4559-03-0
11. **Miseva, Kristina** and Andonov, Marko (2011) *Оданочување на удели кај инвестициските фондови*. Здружение на правници на Република Македонија, Правник бр.226, Скопје.
12. **Miseva, Kristina** (2010) *Инвестициски фондови - правни аспекти*. Монографија, Алфа 94-Скопје, Скопје.
13. **Miseva, Kristina** (2010) *Ликвидација на отворени инвестициски фондови*. Годишен зборник на Правен факултет, 2. pp.127-137. ISSN 1857-7229
14. **Miseva, Kristina** (2009)*Друштво за управување со отворени инвестициски фондови*. Годишен зборник на Правен факултет, 1. pp. 169-182. ISSN 1857-7229

***Докторска дисертација***

15. **Мишева, Кристина** (2015) Супервизија и контрола на институционални инвеститори

***Магистерски труд***

16. **Мишева, Кристина** (2010) Инвестициски фондови – правни аспекти

***Скрипти и практикуми***

17. Блажевски, Љупчо и **Мишева Кристина** (2014) Финансово право-општ дел – скрипта. **ISBN**: 978-608-244-148-1 https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=401&ugd=7202a80d7dc03f5d15c8500083491471
18. Блажевски, Љупчо **и Мишева Кристина** (2015) Практикум по Финансово право . **ISBN**: 978-608-244-161-0 https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=393&ugd=aba76e49ac10c2b89d6a399173ccfc7a

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

**Елаборација на трудот под реден број 1**

***The Application of International Law in Macedonia***

Трудот под назив The Application of International Law in Macedoniaпретставува дел од меѓународна публикација (книга) под назив Judicial Application of International Law in Southeast Europe која опфаќа апликација на ЕУ правото (во доменот на договорите за стабилизација и асоцијација, Светската трговска организација, Архус конвенцијата и заштита на човековите права) во државите од југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија,Србија, Словенија, Хрватска и Црна Гора. Трудот укажува на важноста на принципите на меѓународните акти и укажува на обврската на државите во заштита на вредностите, како што се слободната трговија, правдата и човековите права. Укажуваат на разликите (монизам и плурализам) од аспект на поединецот како главен носител на правата и должностите во меѓународните односи и остварувањето на поединечната правда. Фокус на трудот е судската примена на меѓународното право согледано преку домашната пракса.

**Елаборација на трудот под реден број 2**

***Some aspects of employees informing and consulting in accordance with the labor law and law on safety and health at work***

Информирањето на работниците согласно со Законот за работните односи значи пренос на податоци од страна на работодавачот до претставниците на работниците, со цел вработените да можат да се запознаат со нив и да ги истражат, а консултирањето значи размена на мислења и воспоставување дијалог меѓу претставниците на работниците и работодавачот. Од аспект на Законот за безбедност и здравје при работа, значаен е

фактот што со овој закон се уредуваат прашања за информирање и консултирање на претставниците на работниците како и нивното учество во планирањето и преземањето на мерките за безбедност при здравје. Во рамките на трудот е направена анализа на најзначајните обврски на работодавците кои произлегуваат од двата наведени закони, при што се прави корелација меѓу правата и обврските кои во оваа смисла ги нормираат ЗРО и ЗБЗР со неопходно согледување на ЕУ Директивата 2001/86/ЕЗ.

**Елаборација на трудот под реден број 3**

***Participation of Employees in Company Management - Legal basis for its implementation in the Republic of Macedonia***

Во овој труд авторите укажуваат на потребата од учеството на вработените во процесот на донесување на одлуки на трговското друштво. Партиципацијата на вработени во донесувањето одлуки односно менаџирањето на друштвото е демократско право кое може да ја подобри економската позиција на друштвото и да го зацврсти неговото влијание на пазарот. Со можноста за директно одложување во друштвото и информирање во врска со одлуките на менаџментот (на директен или индиректен начин) вработени да го претворат нивниот сопствен интерес во интерес на друштвото. Трудот ги презентира правните основи за остварување на ова и нивната практична реализација.

**Евалуација на трудот под реден број 4**

***Illegal Decisions of a Shareholders Assembly – The Case of the Republic of Macedonia***

Трудот под назив „Поништување одлуки од собрание на акционери“ има за цел да ги определи незаконските одлуки на собрание на акционери, да укаже на правната помош од донесените незаконити одлуки, да ги специфицира тужбите кои можат да се вложат, како и да укаже на последиците кои произлегуваат од донесените судски одлуки. Одлуки на собрание на акционери не секогаш се во согласност со законот. Па вака донесените одлуки понекогаш мораат да бидат делумно или целосно поништени.

**Евалуација на трудот под реден број 5**

***The influence of Financial Instruments Directive (MiFID) on the Macedonian Capital Market***

Единствен предуслов за да се има компетитивен и профитабилен пазар на хартии од вредност е да се има поволно финансиско опкружување, квалитетна правна рамка, стабилна валута и здрави јавни финансии. Трудот укажува на влијанието кое го направи МИФИД директивата, која беше адаптирана во домашната легислатива и како нејзината примена влијаше на учесниците на македонскиот пазар на капитал. Од направените истражувања и анкети, авторите дошле до значајни резулатати во врска со функционирање на македонскиот пазар на капитал.

**Евалуација на трудот под реден број 6**

***Legal Nature of the Management Contract- The Case of the Republic of Macedonia***

Во трудот се определува правната природа на менаџерските договори коишто на менаџерите им делегираат специфични права, обврски и одговорности. Но менаџерските договори не претставуваат само правен инструмент, или формалност со која меѓу договорните страни се уредуваат платите, надоместоците, правата и обврските во однос на работењето на друштвото и други поединости на меѓусебните односи, туку тие претставуваат клучен акт од кој битно зависи успехот конкретната работа. Менаџерските договори е посебен sui generis правен институт предвиден во Законот за трговските друштва. Трудот обработува актуелна проблематика интересна како за научната, така и за стручната јавност.

**Евалуација на трудот под реден број 7**

***Consumer protection in financial services and the demands of European consumers***

Во овој труд авторите ја анализираат и елаборираат основата за креирање на соодветна политика на потрошувачите во домашното и европското право. Креирање и

имплеметирање на соодветна заштитна политика во доменот на финансиските услуги, за што Европската унија посветува големо внимание. Во трудот се врши правна анализа на домашната и европската легислатива, третманот на потрошувачите и нивната позиција vis-a-vis банкарскиот сектор. Обезбедување на ефективна заштита на потрошувачите и функционирање во развиената пазарна економија на ЕУ е од круцијално значење за стабилен и одржлив систем во кој довербата на потрошувачите има централно место. Трудот има научен придонес во доменот на воспоставената пракса за оваа проблематика и содржи препораки за преземање конкретни акивности на домашен терен.

**Евалуација на трудот под реден број 8**
***Некои аспекти и дилеми кај оданочувањето на удели издадени од инвестицките фондови во Република Македонија***

Покрај потребата од јасно диференцирање кои се правата и обврските на сопственицитe на документите за удел, она што посебно го засега сопственикот на уделот е оданочувањето на евентуално остварениот приход од продажбата на уделите. Всушност, крајната цел на кој било вложувач е остварувањето на приход односно добивка. При, повлекувањето на средствата од фондот, значи продажба на уделите од фондот, се соочуваме со резултат: добивка или загуба. Во принцип, фондовите водат политика на приспособување на бројот на уделите со нивната вредноста, па затоа ретко може да се случи да повлекувањето на средствата од фондот биде неповолна за вложувачот, односно вложувачот да се соочи со загуба. Во овој научен труд прашањата за оданочувањето на приход остварен од продажбата на удели од страна на инвестициксите фондови е дадено посебно внимание, кое отвора нови дилеми за македонскиот пазар на капитал.

**Евалуација на трудот по реден брј 9**
***Some aspects of the regulation for waste management with special emphasize on the batteries and accumulators and waste batteries and accumulators in Republic of Macedonia***

Во овој труд, авторите Мишева и Андонов анализирајќи ги и следејќи ги европските и светските текови за заштита на животната средина ги прошириле своите хоризонти во истражувањето на законодавството во областа на животната средина. Во трудот на лапидарен начин се укажува на значајните напори кои ги направила Р. Македонија во законодавството, националните стратегиии и владини програми кои се однесуваат на развојот на еколошкото право во Македонија со цел да се усогласат со директивите на ЕУ на оваа проблематика. Несомнено, еколошкото право доживува експанзија во последните неколку години, а со тоа во националната легислатива се направи значаен чекор во воспоставување на насоки за здрава животна средина и заштита на истата. Во трудот се наведува кои се измените и дополнувањата на законските и подзаконските акти во Република Македонија, давајќи акцент на позитивното право кое се однесува на управувањето со отпад од батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори на територијата на Р. Македонија. Авторите укажуваат на степенот на усогласување на Директивата 91/157/ЕЕЦ и Директивата 2006/66/ЕЦ за батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори со Законот за акумулатори и отпадните батерии и акумулатори и со Законот за управување со отпад, воопшто. Во трудот авторите прават напори да дадат решение за минимизирање на негативното влијание од батериите и акумулаторите и отпадните батерии и отпадните акумулатори врз животната средина и потребата за менаџирање со отпадот.

**Евалуација на трудот по реден брј 10**
***Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарот на капитал согледано преку инвестициските фондови***

Во претходната деценија скоро сите држави во светот беа погодени од економската криза која ја разниша финансиската стабилност, воопшто, и ги фрли на колена светските велесили пред нивната немоќ да го спречат крахот на берзите, банкротот на неколку големи банки, инвестициски компании, јавните и приватните фондови, финансиски друштва и останати финансиски институции. По глобалната економска криза на финансиските системи беше неопходно државите, односно, владите да интервенираат со огромни средства за да го

зачуваат интегритетот на финансиските институции. Во секоја пазарна економија, пазарот на капитал како сегмент на финансискиот пазар однапред треба да биде конципиран така што преку него ќе се остваруваат определени цели, кои однапред треба да ги знаат учесниците на пазарот. Пазарот на капитал претставува конкретна институционалана структура која ја сочинуваат институции, инструменти и механизми преку кои се врши сретнување на понудата и побарувачката на долгорочни финансиски средства, со цел тие да се алоцираат кај субјектите на кои им се потребни за финансирање на инвестициите во капитални добра. Институционалните инвеститори се дел од таа финансиска инфраструктура, чии носечки столбови се: банките, инвестициските компании, инвестициските фондови, пензиските фондови и осигурителните друштва. Тие се од голема важност за развојот на финансискиот пазар на една земја. Институционалните инвеститори на меѓународниот финансиски пазар, особено во земјите на OECD (Организација за економска соработка и развој), бележат голем раст и играат една од клучните улоги на финансискиот пазар. Па, слободно може да се каже дека агресивната политика на инвестирање која се водеше последната деценија на минатиот век беше под значително влијание на институционалните инвеститори. Инвестициските фондови се тип на институционални инвеститори кои имаат завидливо место на пазарот на капитал во сите високоразвиени земји. Сепак, некои експерти сметаат дека појавата на инвестициските фондови е предзнак за економски крах во една земја. Авторката на трудов успеала да ја прикаже промена на пазарот преку промената во вредноста на имотите на фондовите во периодот пред и по светската економска криза.

**Евалуација на трудот по реден брј 11**
***Оданочување на удели кај инвестициските фондови***

Во овој труд авторката преку анализа на конкретните одредби поврзани со оданочувањето на добивката од уделите од инвестициските фондови утврдува (детектира) извесни проблеми и нејаснотии кои би можеле да се јават при имплементација на таквите законски одредби во праксата. Едновремено, преку конкретни предлози за интервенции во законската регулатива, согласно со направеното истражување и анализа, според мислењето на авторите, се дава придонес за квалитативно подобрување на регулативата од предметната област, со што се дава и позитивен импулс кон понатамошен развој и популаризирање на инвестициските фондови во јавноста, особено во државите каде што овој вид на алтернативно инвестирање и штедење е на маргините, каков што е случајот и со Република Македонија.

**Евалуација на трудот по реден брј 12**
***„Инвестициски фондови – правни аспекти“ - монографија***

Несомнено, инвестициските фондови како вид на институционални инвеститори, сè уште претставуваат вистински предизвик за истражување од страна на научната и стручната јавност како од областа на правните, така и од областа на економските науки, давајќи притоа една мултидисциплинарна димензија. Со оглед на ова, може да се каже дека монографијата резултира со мошне важни и научно фундирани заклучоци, со оглед што темата на истражување е недоволно проучена од научната и стручната јавност кај нас, не само од правен, туку и од економски аспект. Во трудот се наведуваат и новините поврзани со работењето на инвестиските фондови кои произлегоа од усвојувањето на новиот Закон за инвестициски фондови од 2009 година. Понатаму, се укажува на тоа колку се развиени односно неразвиени овие нефинансиски институции на нашиот пазар, кои се спецификите при основањето на инвестициските фондови одделно по типови и споредбено со претходниот Закон за инвестициски фондови, понатаму, како да се заштитат инвеститорите кои вложуваат во фондовите, кој е нивниот правен статус, односно каква е релацијата друштво за управување – фонд - вложувачи. Авторката посветува посебна глава на содржината и целите на основните европски директиви кои се однесуваат на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (УЦИТС директивите), како истите влијаат на националните правни акти и како друштвата за управување со отворените инвестициски фондови успеваат да опстанат на мал пазар на капитал каков што е македонскиот. Понатаму, се наведуваат идните проекции на Европската унија за овој тип

на институции и засилување на регулативата и супервизијата на инвестициските фондови. Инвестициските фондови се определени како субјекти кои се двигатели на економијата во високоразвиените држави, од една, но се укажува на моменталната состојба на пазарот за харитии од вредност која е повеќе од загрижувачка, од друга страна. Во Република Македонија фондовската мрежа за инвестирање не успеа да го заземе потребното место, па авторката укажува на неколку фактори кои влијаеле за недоволната развиеност на овој сегмент на националниот пазар на капитал. Како еден од факторите за ваквата состојба се укажува на слабата едуцираност и недоволното знаење за инвестициските фондови како институции за прибирање средства со професионално управување, како и стравот и несигурноста од нешто ново и малку познато. Како резултат на извршените анализи и заземени ставови, авторката Кристина Мишева отвора некои нови прашања и дилеми за инвестициските фондови, а и за македонскиот пазар на капитал, воопшто. Со ова само се потврдува фактот дека инвестициските фондови се карактеризираат со комплексна правно-економска природа и затоа нивната недоволната афирмираност оди на штета како на идивидуалните, така и на странските вложувачи, било да се физички или правни лица. Мишева укажува на неопходноста од следење на европските текови кои ја регулираат предметната материја и хармонизација на домашното право со правото на Европската унија, особено на регулативата која се однесува на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност, со цел унифицирање на пазарот на капитал, нудење услуги и производи надвор од националните граници. Монографијата „Инвестициски фондови – правни аспекти“ претставува оригинален труд кој третира актуелна, значајна и суптилна тема за македонскиот пазар на капитал, претставувајќи ја авторката како вреден и квалитетен истражувач на полето на финансовото право и правото на хартии од вредност.

**Евалуација на трудот по реден брј 13**

***Ликвидација на друштвата за управување со отворени инвестициски фондови***

Ликвидацијата на отворените инвестициски фондови се одвива во постапка, која е различна во зависност од причините поради кои настанува ликвидирањето на отворените фондови. Оттука, и иницијативата на авторот за изработка на еден ваков труд каде акцент ќе се стави исклучиво на ликвидирањето на отворените инвестициски фондови и друштвата за управување на отворените инвестициски фондови. За цел полесно согледување на причините за ликвидирање на отворените фондови, во апстрактна смисла издвоено се прикажани причините за ликвидирање на фондовите и причините за ликвидирање на друштвата за управување со отворени инвестициски фондови. Терминацијата, односно ликвидацијата на друштвата претставува сложена постапка која настанува со или спротивно на „волјата на друштвото“. Затоа и ликвидацијата на отворените инвестициски фондови иницира отворање дилеми поврзани со оваа проблематика оставајќи простор за понатамошна анализа.

**Евалуација на трудот под реден број 14**

***Друштва за управување со отворени инвестициски фондови***

Следејќи ја светската динамика, а особено европската, во развивањето на небанкарските институционални инвеститори неминовно создаде, односно наложи развивање на македонскиот пазар на капитал, а со тоа и потреба од донесување на нова законска регулатива, која го отвори македонскиот пазар на капитал надвор од границите за „малите“ домашни и/или странски, индивидуални и/ или институционални вложувачи. Отворените инвестициски фондови и Друштвата за управување со отворените инвестициски фондови заземаа место на македонскиот пазар на капитал со тенденција во иднина да бидат едни од влијателните учесници на македонскиот пазар за хартии од вредност. Авторката на трудот има за цел да даде една анализа на новиот Закон за инвестициски фондови и директивите и упатствата на Европската унија кои се однесуваат на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (ДКИПХВ), притоа алудира на внесените промени посебно во делот за отворените инвестициски фондови и друштвата кои управуваат со отворените инвестициски фондови. Ваквото транспонирање на европските директиви во нашето законодавство и направените законски промени беа поттик авторката

да даде краток осврт на друштвата за управување со отворените инвестициски фондови, осврнувајќи се на предностите, односно последиците кои придонесоа дел од овој тип на институции да престанат со нивното дејствување на нашиот пазар.

**Евалуација на трудот бр.15**

***Супервизија и контрола на институционални инвеститори***

Докторска дисертација под назив „Супервизија и контрола на институционални инвеститори" имала основна цел да истражи дали избраната структура на супервизија на финансиските институции односно институционалните инвеститори е ефикасна и конвергира со општествено-економските услови за егзистенција на правниот поредок во конкретната државата која се предмет на истражувањето. Друга предвидена цел е да ги покаже сличностите и разликите меѓу моделите на супервизијата над институционалните инвеститори во неколку држави и Европската унија кои се предмет на истражување и извор на промените на зададеното истражување и причините поради кои настануваат одредени промени во моделите на супервизија. Понатаму, во трудот се дава одговор на можноста за воспоставување на нов модел на супервизија и ја анализира постоечката супервизорска структура и регулатива на институционални инвеститори, исто така, трудот има за цел да ги охрабри релевантните институции да пристапат кон директна или индиректна примена на постигнатите резултати вродени од истражувањето. Дисертацијата истражува проблеми поврзани со начинот на регулацијата и супервизијата на институционалните инвеститори на национално ниво, ефикасноста/неефикасноста од веќе воспоставениот систем на контрола односно супервизија, „последиците" од усогласувањето на националната со европската регулатива и следењето на ЕУ директивите за државите-аспиранти, како и функционирањето на системот на супервизија на друштвата за осигурување, пензиските фондови и пазарот на хартии од вредност. Дисертацијата е структурирана во пет глави. Секоја глава претставува целина сама по себе. Во четвртата и петтата глава се прави поврзување и сублимација на предметот на истражувањето преточени во препораки, идни можни предизвици и решенија.

**Евалуација на трудот бр.16**

***Инвестициски фондови – правни аспекти***

Магистерскиот труд „Инвестициски фондови-правни аспекти" е систематизиран во пет глави, придружен со објаснување на кратенки користени во текстот, поимник на специфични термини од странско потекло и прилози, понатаму има солиден опус на библиографски единици од домашно и странско потекло (книги, директиви на Европска унија, законски и подзаконски правни акти од домашно позитивно право, публикации, статии, научни и стручни трудови итн.). Она што особено го привлекува вниманието на оваа монографија е фактот што м-р Мишева успеала да направи квалитетна анализа и елаборација на материјата што ја обработува и да укаже на спецификите што ги карактеризираат инвестициските фондови како институции. Авторката, со право, укажува на важноста на инвестициските фондови како вид на институционални инвеститори и неизбежни играчи кои битно влијаат на развојот и ликвидноста на пазарот на капитал, не само во Европската унија, туку и на глобално, светско, ниво. Преку извршените теренски анализи и истражувања м-р Мишева успеала да направи компарација помеѓу постоечките фондови и нивното вкупно влијание на пазарот на капитал. Понатаму, се укажува до кој степен е усогласена подзаконската регулатива и кои се основните акти на фондовите и на друштвата. Во последниот дел на трудот е даден краток осврт на останатите типови на институционални инвеститори кои се актуелни на македонскиот пазар, навидум слични на инвестициските фондови (задолжителните пензиски фондови, јавниот фонд за пензиско осигурување и фондот за здравствено осигурување).

**Евалуација на трудот бр.17**

***Финансово право-скрипта***

Ракописот (скриптата) на д-р Љупчо Блажевски и м-р Кристина Мишева третира мошне атрактивна проблематика која во текот на нејзиниот развој го проширува својот

предмет на истражување. Преку содржината опфатена во трудот, читателот би требало да стекне поширока и подетална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, развојот на науката за финансиите, финансовото право и финансиската политика. Авторите несомнено успеваат да направат соодветен приказ на специфичните поими, следејќи ја нивната еволуција и развој, успевајќи притоа да ја позиционираат нивната улога во системот. Сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Ракописот (скриптата) со наслов „Финансово право - општ дел" е солидно изработен истражувачки труд, кој изобилува со доста квалитетна научна содржина. Авторите пред себе си имаат зададено јасна задача и цел на кои што успеале мошне успешно да одговорат. Очекуваниот научен придонес на гореименуваната скрипта се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно, стручно, академско и посовремено значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, предметниот труд дава еден сеопфатен приказ на теоретските и научни аспекти на финансовото право како посебна научна дисциплина. Единствен е впечатокот дека академската и професионална подготвеност на авторите овозможила вакво високо ниво на овој труд.

**Евалуација на трудот бр.18**
***Финансово право-практикум***

Преку содржината опфатена во практикумот, студентите треба да се стекнат со емпириска и детална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, видовите финансии, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, финансиско-правната норма и финансовото право воопшто. Сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Очекуваниот стручен придонес на ракописот се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно и стручно и современо значење на оваа проблематика.

Д-р Кристина Мишева учествувала на голем број домашни и меѓународни семинари, конференции и обуки од областа на правото. Подолу наведуваме неколку од нив:

- *Јуни 2013, ERA Summer Course on EU FINANCIAL MARKET REGULATION AND SUPERVISION, Trier, Germany.*
- *2013, 16-th SGF Conference, Annual Conference of the Swiss Society for Financial Market Research Zurich, SIX Swiss Exchange;*
- *Февруари 2013 курс за Методологија на ЕУ право, Jean Monnet Inter-university Center of Excellence, Опатија, Р. Хрватска;*
- *Декември 2012, 6$^{th}$ Annual International Conference on Business and Society in a Global Economy, Athens Institute for education and research, Athens, Greece;*
- *Април 2011, Пензиските реформи и идните предизвици, Интернационална конференција, Министерство за труд и социјална политика на Р. Македонија, Скопје;*
- *Април 2010 11-та годишна конференција на Македонска берза, Охрид;*
- *Ноември 2009 год. 61-ва Средба на правници, Здружение на правници на Р. Македонија, Охрид. Тема: Сопственоста и заштитата и други.*

Кандидатката од првиот изборот во соработничко звање до денес активно е вклучена во работата со студентите (вежби, консултации, изработка/проверка на семинарски трудови и есеи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес, така и од аспект на евиденциско-административни задачи). Во 2011 година, како докторанд, била стипендист на Хрватското министерство за образование, спорт и култура каде што остварила двомесечен научноистражувачки престој при Правниот факултет, Универзитет Загреб во Република Хрватска. За 2012 година

била определена за интернационален амбасадор од Македонија за Интернационалниот студентски фестивал ISFiT 2013 (International Student Festival in Trondheim), Република Норвешка. Во 2013 и 2014 година била повикана како гостин-предавач на постдипломските студии на Факултетот за правни науки Американ колеџ – Скопје.

Таа е дел од тимот на научноистражувачкиот проект под назив Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во источниот регион базирани на знаење, Фонд за наука на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Активностите се презентирани и ги има во е-репозиториумот (UGD academic repository), објавени на веб-страницата на УГД.

Од приложената документација и досегашното работно искуство на факултетот, очигледно е дека кандидатката Кристина Мишева одлично зборува англиски јазик и има добро познавање од италијанскиот и хрватскиот јазик. Одлично владее со платформите на е-индекс и е-учење, за што има посетувано соодветни обуки и добиени сертификати. Таа поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Кристина Мишева е член на универзитетски и повеќе факултетски комисии. Имено, член е на Наставно-научниот совет на Правениот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за периодот од 2007 до 2009 година и од 2012 год. до денес со Одлука број 1602-268/23 од 19.12.2012 година. Во периодот 2007-2009 год. била член на Комисија за нормативна дејност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Понатаму, за учебните години: 2007/2008; 2008/2009; 2009/2010; 2011/2012; 2012/2013; 2013/2014 и 2014/2015 год. била член на уписна комисија за прием на студенти на прв циклус на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со Одлука број 1602-190/4 од 1.12.2011 година член е на Комисијата за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Правниот факултет за областа деловно право. Со Одлука број 1602-102/6 од 2.2.2012 година избрана е за член на Комисијата за разгледување на пријави за изработка на магистерски трудови на студиската програма Правосудна насока. Со Одлука број 1602-195/8 од 25.12.2013 година била назначена е за член на Дисциплинската комисија на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип. Со Одлука број 1602-186/17 од 18.8.2014 година е определена за одговорно лице за истакнување на соопштенија на веб-страницата на Правниот факултет за зимски семестар во учебната 2014/2015 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високото образование на Република Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 г.), по деталното разгледување на комплетната доставената документација пропишана во конкурсот. Рецензентската комисија констатира дека асистент д-р Кристина Мишева има остварено минимум поени кои се однесуваат (НО=30, НИ=38, САОР =7 или вкупно 75 поени), поточно д-р Кристина Мишева значително го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето доцент (НО+НИ+САОР = 40+80+29) и од целокупната актива остварила 149 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Кристина Мишева може да се заклучи дека има конитуиран развој во научноистражувачката работа и во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, членовите на Комисијата се цврсто уверени дека се работи за многу солиден и перспективен млад научен работник со постојана афирмација во професионалната научна кариера,

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере д-р Кристина Мишева во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област деловно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тито Беличанец, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Блажевски, вонреден професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Марко Андонов, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | | |
| 2 | Избор во звање асистент | 15 | | |
| 3 | Избор во звање асистент | 15 | | |
| | **Вкупно** | **40** | | |
| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | | **Поени** | |
| | | **бр** | **во земјата** | **во странство** |
| 1 | Монографија или научна книга (реден број12) | 1 | 10 | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга (реден број 1) | 1 | | 10 |
| 3 | Прегледен труд (реден број 2,3,4,5,6,7,8,9,14) | 8 | 5 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови (реден број 13) | 1 | 1 | |
| 6 | Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 2 | |
| 7 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 1 | 3 | |
| 8 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | |
| 9 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | |
| 10 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | |
| 11 | Студиски престој во странство | | 8 (еднократно) | |
| | **Вкупно** | **80** | **30** | **10** |
| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | **Поени** | |
| | | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (реден број 11) | 1 | 2 | |
| 2 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир ( реден број 10) | 1 | 2 | |
| 3 | Член на универзитетски тела | 1 | 5 | |
| 4 | Член на факултетски орган, комисија | 9 | 2 | |
| 5 | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | |
| | **Вкупно** | **29** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО/ НИ/ САОР)** | **40/80/29** | **149** | |